**ОПШТИНА ОХРИД**

Согласно Програмата за поддршка на локалниот економски развој на општина Охрид за 2022 година и Правилникот за користење на финансиски средства од Буџетот на општина Охрид за субвенционирање на граѓаните на подрачјето на општина Охрид за купување велосипед во 2022 година со бр.08-2982/6 од 15.03.2022 година, општина Охрид објавува:

# ЈАВЕН ПОВИК
## за субвенционирање на граѓаните на подрачјето на општина Охрид за купување велосипеди во 2022 година

**1.Опис на јавниот повик**

1.1. Општина Охрид, со цел да ги стимулира жителите на општина Охрид за користење на велосипеди, на граѓаните кои ќе купат нов велосипед во Република Македонија од 01.01.2022 година се до исцрпување на буџетот наменет за Јавниот повик, ќе им надомести дел од трошоците направени при купување на велосипед.

**1.2.** Средствата што општина Охрид ќе ги субвенционира се во износ од

- **50% од вредноста на велосипедот**, но **не повеќе од 5.000,00** денари по лице, со вклучен персонален данок на доход **за невработените лица и студентите.**

**2. Право на учество на Јавниот повик имаат:**

Право на учество на Јавниот повик има секое физичко лице кое ќе ги исполнува следните услови:

- Да е жител на општина Охрид,
- Да е невработено лице или студент,
- Досега да нема искористено субвенција за купување на велосипед од друг извор на финансирање или од општина Охрид,
- Новиот велосипед да е купен во нашата држава со датум од 01.01.2022 год., се до исцрпување на буџетот наменет за Јавниот повик.
- Доделувањето на средствата ќе се врши по принципот **"Прв дојден, прв услужен"** во периодот од објавување на повикот па се до исцрпување на буџетот наменет за Јавниот повик.

**3. Право на учество на Јавниот повик немаат:**

Потесното семејство на вработените во општина Охрид (лица кои се во брачна заедница со вработеното лице во општина Охрид и нивните деца, роднини по крв во права линија – татко, мајка)

**4. Начин на пријавување на Јавниот повик**

**4.1.** За надоместување на дел од трошоците и докажување дека условите за учество на Јавниот повик се исполнети, барателот до општина Охрид треба да достави:

- Барање за субвенција за купување на еден велосипед (барањето може да се подигне во архивата на општина Охрид или да се обезбеди од интернет страницата на општина Охрид: www.ohrid.gov.mk);

- Изјава дека барателот до сега нема искористено субвенција за купување на велосипеди од општина Охрид или друг извор на финансирање и дека не е член на потесно семејство на

вработен во општина Охрид. Изјавата е достапна на интернет страницата на општина Охрид: www.ohrid.gov.mk;

- Оригинал и фотокопија од фискална сметка или фактура со извод од банка дека е извршена уплатата на барем една рата;

- Невработените лица да достават документ (потврда) дека се невработени, а студентите да достават потврда од факултетот;

- Копија од трансакциска сметка;

**4.2.** Едно лице може да поднесе само едно барање за добивање на субвенција за купување на еден велосипед.

**4.3.** Едно семејство може да поднесе само едно барање.

**4.4.** Барањата за субвенционирање на граѓаните на подрачјето на општина Охрид за купување велосипеди заедно со потребната документација, граѓаните во затворен плик ги доставуваат до соодветната Комисија, преку Архивата на општина Охрид, адресирани на ул. Димитар Влахов бр.57, секој работен ден од 08:00 до 14:00 часот.

**4.5.** На пликот треба да е наведено "Јавен повик за субвенционирање на граѓаните на подрачјето на општина Охрид за купување велосипеди".

**5. Начин на спроведување на Јавниот повик**

**5.1.** Јавниот повик ќе трае се до исцрпувањето на буџетот наменет за Јавниот повик од денот на објавување на официјалната веб страна на општина Охрид. Сите подносители на барање со соодветна и комплетна документација ќе се стекнат со право на субвенција, се до исцрпување на буџетот за оваа намена.

**5.2.** Доделувањето на средствата ќе се врши по принципот "Прв дојден, прв услужен" во периодот од објавување на повикот па се до исцрпување на буџетот наменет за Јавниот повик, а велосипедот да е купен во нашата држава со датум од 01.01.2022 год., се до исцрпување на буџетот наменет за Јавниот повик.

**5.3.** Во моментот кога ќе бидат исцрпени предвидените финансиски средства, општина Охрид ќе го објави завршувањето на Јавниот повик преку својата веб страна.

**5.4.** Комисијата формирана од Градоначалникот е должна да ги разгледа сите барања за субвенционирање на граѓаните на подрачјето на општина Охрид за купување велосипеди кои се доставени во периодот на времетраење на објавениот повик.

**5.5.** Лицата кои нема да бидат субвенционирани, нивните документи ќе бидат вратени.

**6. Начин на остварување на правото на надоместок**

**6.1.** Градоначалникот на општина Охрид врз основа на Предлогот на комисијата носи решение за одобрување на Барањата за субвенционирање на граѓаните на подрачјето на општина Охрид за купување велосипед.

**6.2.** Комисијата ги известува барателите кои не ги исполниле условите согласно Јавниот повик за одбивање на барањето.

**Општина Охрид**
**Градоначалник**
**Кирил Пецаков**